**Одлука на Деканот за начинот на зајмување библиотечен материјал од Централната медицинска библиотека и Студентска библиотека**

1. Дисертациите, магистериумите, енциклопедиите, речниците и книгите кои во фондот се застапени со само еден примерок, како и списанијата не се зајмуваат на користење надвор од Централната медицинска библиотека.

2. Книгите од ист наслов кои ги има во повеќе примероци може да се зајмуваат, но со обврска да се вратат најдоцна во рок од еден месец од денот на зајмувањето или рокот на зајмување да се проложи дополнително за уште еден месец.

3. Студент/корисник може да зајми максимум три книги истовремено.

4. Студент може да зајми книги само доколку донесе валиден индекс во кој се втиснува печат дека должи книга/и.

5. Доколку корисникот (студент, доктор, стручен соработник...) не ја врати книгата во рокот назначен во точка 2 од оваа наредба, тогаш тој нема право да зајмува повторно книги од Библиотеката, ниту да користи каков и да е друг вид литература.

6. На корисниците им се забранува да го подвлекуваат текстот во книгите, да ги потпишуваат или чкртаат во нив или да ја оштетуваат книгата на каков и да е начин.

7. Доколку корисникот ја оштети или изгуби книгата, тој треба истата да ја надомести, односно да купи иста таква или поново издание, или да направи фотокопија (оригинална, во боја, укоричена).

8. Пред да ги завршат студиите на Медицинскиот факултет, студентите треба да ги вратат сите зајмени книги од Библиотеката и да добијат потврда дека не должат ништо. Во спротивно нема да можат да си ја подигнат дипломата.

9. Сите доктори и стручни/научни соработници кои зајмиле библиотечен материјал од Библиотеката, пред пензионирање задолжително треба да го вратат материјалот во Библиотеката.

Декан на Медицински факултет